# Безбедност и здравје на работа

**Предлог-основи за организирање на образование и обука во областа на безбедност и здравје на работа**

**Проф. Елисавета Стикова**
**УКИМ- Медицински Факултет, Институт за јавно здравје на Република Македонија**

***Скопје, декември, 2014 година/ мај 2015***

**Вовед**

Според Светската здравствена организација, професионалното здравје или здравјето на работа се занимава со сите аспекти на здравјето и безбедноста на работното место со силен фокус кон примарната превенција на штетностите на работа. Заедничкиот комитет на МОТ/СЗО уште во 1950 година го дефинира, а во 1995 година го реафирмира пристапот, дека професионалното здравје не е едноставна грижа за здравјето на работниците во рамките на здравствениот систем како што е кај нас вообичаено прифатено, туку претставува еден сложен мултидисциплинарен пристап во кој експертите од повеќе области работат на минимизирање на ризикот на работно место, контрола на професионалните штетности и превенција на професионалните болести, а се со цел за унапредување на здравјето на професионално експонираните работници.

Овие начела се втемелени во  Европската директива за безбедност и здравје на работа (391/89 EEC). Наспроти оваа заедничка легислативна рамка за организирање на безбедност и здравје на работа и за обезбедување на компетентност при утврдување и спроведување на мерките, во рамките на земјите на Европската унија се уште не постојат заеднички барања и заедничка рамка за обука на БЗР, со дефиниран сет на компетенции, начин за нивно стекнување и постапка за здобивање на стручно звање во областа на БЗР. Постојат многу различни искуства и практики и тоа како во рамките на земјите на ЕУ, така и во земјите што се наоѓаат во процес на пристапување кон ЕУ.

Инаку, професионалната експертиза како барање за обавување на активности во областа на БЗР има историја постара од 150 години и потекнува од првото назначување на инспектори во фабриките во Обединетото кралство уште во 1833. Од тогаш до денес во областа на БЗР се профилирани голем број на стручњаци и експерти, организирани во различни професионални здруженија, главно во рамките на Американското и Европското здружение на инжинери за безбедност на работа (http://www.asse.org/ и https://www.european-safety-engineer.org/), Меѓународната комисија за професионално здравје (ICOH-http://www.icohweb.org/site/homepage.asp), Меѓународната организација за индустриска хигиена (IOHA-http://ioha.net/), Меѓународната асоцијација за социјална сигурност (ISSA-https://www.issa.int/en), Меѓународната асоцијација на ергономи (http://www.iea.cc/ ) и во последно време се позначајно, во рамките на Европската мрежа на професионални организации за безбедност и здравје (http://www.enshpo.eu/home).

Вкупните заложби на сите овие организации се насочени преку организирано образование и обука да се гарантира стандардизирано ниво на експертско знаење и вештини во обезбедување на професиоанлните услуги и континуирано унапредува знаењето, вештините и компетенциите во областа на БЗР. Иако во оваа област дефинираат во основа два професионални профила – безбедност на работа и здравје на работниците, овие дефиниции треба да се согледуваат низ еден многу поширок контекст низ кој се профилираат многу други професии, без чие активно ангажирање е преактино невозможно да се обезбедни унапредување на условите за работа и здравјето на професионално експонираните работници, а тоа се ергономите, индустриските токсиколози, индустриските психолози, сестрите по професионано здравје, инжинерите за заштита од пожари, медицинските физичари и многу други. Во секоја Европска земја има широк диверзитет на многу од овие занимања, со нивна различна доминација во системот за БЗР и  со

различни едукативни модели за здобивање и/или признавање на нивните квалификации во различни области.

Но, имајќи предвид дека безбедноста и здравјето на работа подразбира активности кои во основа, според вид и обем, ги дефинира секоја земја одделно, јасно е дека секоја земја треба да изгради свој специфичен систем за образование и обука во областа на БЗР кој ќе ги одразува потребите на државата. Тој систем треба да биде соодветен на структурата на стопанството, вкупниот едукативен потенцијал во земјата, социолошките и други карактеристики, со единствена цел да овозможи унапредување на условите за работа и професионалното здравје. Во сите овие заложби неодминлив пристап мора да биде јакнење на професионализмот и креирање на соодветни едукативни стандарди, потврдени во практиката низ процес на акредитација на предавачи, наставни програми и образовни/тренинг институции и тела, како и развој на национална сертификациона шема за БЗР, како доказ за исполнување на професионалните стандарди.

Овој пристап базично е втемелен и во Рамковната директива на Советот на Европа за безбедност и здравје на работа (Directive 89/391/EEC). Имено, во чл. 5(2) и чл. 7(3,5,8) од Директивата, се утврдува потребата за постоење на компетентност на лицата или овластените надворешни служби, дефинирање на нивната способност, како и неопходните сретства за обавување на нивната работа. Понатаму, со чл. 7(8) од спомenатата Директивата, се утврдува обврската самата земја да ги дефинира способностите што се неопходни за обезбедување на соодветно ниво на безбедност и здравје на работа. Со оглед дека нашиот Закон за безбедност и здравје на работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07) е хармонизиран со оваа Директива, јасно е дека и Република Македонија треба да ги дефинира постапките со кои ова ќе се обезбеди компетентност на стручните лица и професионалците во БЗР. Но, со оглед на преводот на текстот на Директивата, а и врз основа на нашата досегашна практика, се чини дека е изгубен смисолот на барањата на чл. 5 и чл. 7 од Рамковната директива и дека фокусот е изместен кон континуираниот професионален развој на овластените стручни лица за безбедност на работа, а не кон стекнување и/или признавање на професионални компетенции за стручњаците во БЗР.

Веројатно поради тоа, во изминатите десет години од отпочнувањето со имплементација на Законот за безбедност и здравје на работа не е постигнат очекуваниот и посакуван прогрес во унапредувањето на условите во работната средина и превенција на професионалните болести и повреди на работа. Имено, целокупната стручна(професионална) работа во компаниите беше препуштена на стручни лица и/или овластени правни субјекти за безбедност на работа, кои во основа немаат никакво признаено (формално) академско образование во областа на безбедноста и здравјето на работа, а своето овластување го имаат добиено само врз основа на полагање на стручен испит за безбедност на работа. За ситуацијата да биде уште полоша, станува збор за програма за полагање на испит која не е акредитирана од страна на соодветно тело за акредитација низ системот за образование, туку е одобрена од Министертсвото за труд и социјална политика. И, дополнително на овој испит не му претходи никаква претходна подготовка, во смисол на теоретска и практична обука. Бројот на стручни лица со завршено формално образование за признаено занимање од областа на безбедноста и здравјето на работа кои во моментов се ангажирани во системот за безбедност и здравје на работа е занемарлив и веројатно изнесува не повеќе од 1-3% од вкупно ангажираните и/или назначени стручни лица за безбедност на работа во Република македонија.

Од друга страна, во обезбедувањето на професионалното здравје се вклучени овластени установи за медицина на труд, во чија работа задолжително е ангажиран доктор специјалист по медицина на труд. Треба да се одбележи дека тие имаат завршено специјализација по медицина на труд во траење од 4 години и, праксата покажува дека расплагаат со соодветни знаења за медицина на труд, тие немаат никаква формална обука/тренинг во областа на безбедноста на работа.

Во досегашната практика и стручните лица за безбедност на работа и докторите специјалисти по медицина на труд  работат според авторизација добиена од Министерот за труд и социјална политика, односно Министерот за здравство, без формална едукација, тренинг и обука во областа т.е. во полето на работа кое е дефинирано со Законот за безбедност и здравје на работа.

Спроведувањето на безбедноста и здравјето на работа подразбира воведување на нови знаења и вештини кои кај нас не се испорачуваат во рамките на досега воспоставениот систем за редовна додипломска едукација. За жал во моментов во Република Македонија нема (или е во своите зачетоци) формално образование за признаени занимања кои би биле соодветни за воспоставување на потребното ниво на знаење, вештини и компетенции што ги бара ново воспоставениот систем за безбедност и здравје во Република Македонија.

Оттука, како неминовност се наметнува потребата за воспоставување и признавање на нови занимања кои се препознаени во земјите членки на Европската унија, како што се индустриски хигиеничар, ергономи, инжинери за безбедност, сестри за професионално здравје, индустриски психолози и сл.

Кога станува збор утврдување на акредитирана обука на стручните лица за безбедност на работа и на докторите по медицина на труд , како и за утврдување на методологијата за нивна сертификација и лиценцирање, неопходно е да се воспостави интегриран пристап со неопходно вклучување и на другите безбедносните аспекти поврзани со работата – безбедност од пожар, експлозија, струен удар и сл.

## Законска основа

Законот за безбедност и здравје на работа (Сл. Весник на РМ бр. 53/2013, пречистен текст) ги обврзува работодавачите да назначат едно или повеќе стручни лица за безбедност на работа и да ангажираат овластена установа за медицина на труд. Согласно чл. 46 од овој закон, Министерот за труд и социјала ги пропишува условите кои треба да ги исполнат правните и/или физички стручни лица за вршење на стручни работи во областа на безбедност на работа, како и условите, начинот и програмата за полагање на стручен испит.

Правилникот за условите, начинот и програмата за полагање на стручен испит за безбедност на работа (Сл. Весник на РМ бр. 138/2007) ги дефинира условите во однос на стручната подготовка за лицата кои се пријавуваат за полагање на стручен испит за безбедност на работа. Под соодветна стручна подготовка се подразбира висока стручна подготовка од заштита при работа, технички или друг отсек, кој одговара на дејноста на работодавачот (чл. 3). Со чл. 5 и 6 од овој Правилник се дефинираат содржината на општиот и посебниот дел на испитот, а со чл. 9 се утврдува дека испитот се полага пред испитна комисија формирана од Министерот за труд и социјална политика.

Членовите 18-а до 18-г од Законот за безбедност и здравје ги дефинираат начинот и условите за стручно усовршување на стручните лица за безбедност на работа, по здобивање со уверение за положен испит и стекнувањето на звањето „стручно лице за безбедност на работа“..

Со овој аспект на безбедноста и здравјето на работа дополнително се занимава и Правилникот за стручно усовршување на стручни лица од областа на безбедност на работа (Сл. Весник на РМ бр. 56/2012) во кој се дефинираат условите за стручно усовршување по стекнување на уверениeто.

Со чл. 31 од Законот за безбедност и здравје на работа, работодавачите се обврзуваат задолжително да обезбедат соодветни теоретски и практични обуки за безбедност и здравје на работа кои се прилагодени кон спецификите на секое конкретно работно место и тоа за секој вработен, како и редовни теоретски и практични испити за проверка на оспособеноста за безбедност и здравје на работа на секои 3 години за оние работници кои работат на работни места каде постои зголемен професионален ризик. Овие обуки и проверки се дел од обврските на стручните лица за безбедност на работа, кои се одговорни и за изработка на програми и спроведување на овие обуки.

## Состојби и проблеми

Законските одредби од Законот за безбедност и здравје на работа и соодветните подзаконски акти кои се прикажани погоре, во изминатите 5-7 години на нивна имплементација јасно наметнаа неколку сериозни проблеми кои бараат итно разрешување, а се однесуваат пред се на прашањето на професионалните компетенции на стручните лица и овластени установи во областа на безбедност (и здравје?) на работа и нивниото образование и тренинг[1] и тоа:

1. Во Република Македонија нема воспоставена додипломска едукација во областа на безбедност на работа, туку секое лице со додипломско образование од техничка струка, по положување на стручен испит (на кој не му претходи формално организирана обука и тренинг, ниту пак постои утврден план и програма за стекнување на знаења, компетенции и вештини), добива уверение за стручно лице за безбедност на работа.

2. И покрај фактот што законот и соодветните подзаконски акти на повеќе места се осврнуваат на прашањето на полагање на испит за стручни лица за безбедност на работа и за нивна континуирана обука по стекнувањето на уверението за положен испит, во ниту еден сегмент не се прецизираат елементите за:
    a. Дефинирање на минимум знаења, компетенции и вештини за отпочнување на обавување на работата како стручно лице за безбедност на работа, кои мора да бидат класифицирани како:
        i. Општи (генерички) знаења и вештини и
        ii. Специфични знаења и вештини за секоја одделна потенцијална штетност и опасност (преку 40 групи на штетности дефинирани со Правилникот за проценка на ризик – Сл. Весник на РМ бр. 2/20090),
    b. Акредитирање на програма за теоретска и практична обука за стекнување на неопходните генерички и специфични знаења, компетенции и вештини и услови и начин за нивно спроведување како задолжителен минимум,

---

[1] **Образование:** обезбедува неопходни знаење и компетенции во подготовката (главно теоретска) за избраната област на работа
**Тренинг:** обезбедува знаења и вештини за тоа како да се изврши некоја задача

c. Сертификациона шема за сертификација на лицата ангажирани во безбедноста и здравјето на работа.

3. Во Република Македонија и покрај тоа што станува збор за Закон за безбедност и здравје на работа, постои силна поделеност на ингиренциите во делот на безбедноста (надлежност на Министерството за труд и социјална политика) и во делот на здравјето на работа (надлежност на Министерството за здравство) без било каква функционална и/или организациона поврзаност во нивниот сепаратен делокруг на работа, со што се изместува полето на работа од она што е основен концепт за унапредување на професионалното здравје (единство на индустриска хигиена и медицина на труд) кон техничко/инжинерски пристап на идентификација на штетностите и превенција на повредите на работа

Слика бр. 1. Приказ на поврзаноста меѓу безбедноста на работа, индустриската хигиена и медицината на трудот во превенцијата на повредите (безбедност на работа) и професионалните болести (индустриска хигиена и медицина на труд)




4. Обврската на работодавачите да обезбедат теоретски и практични обуки за безбедност и здравје на работа за своите вработени ја вршат исклучиво стручните лица за безбедност на работа, кои имаат базично техничко-инжинерско додипломско образование, честопати без соодветни професионални знаења и вештини соодветни за минимизирање на актуелниот професионален ризик во компаниите кои припаѓаат на различни гранки и дејности, а по правило без компетенции од областа на андрогогијата (образование на возрасни) и напрофесионалното здравје.

5. Во Република Македонија нема утврдено звања на стручните лица за безбедност на работа, како што е тоа случај во другите развиени земји (пр. сертифициран индустриски хигиеничари, специјалисти по индустриска хигиена, техничари по индустриска хигиена, специјалисти по професионално здравје и слично), ниту пак различни нивоа на знаења потребни за обавување на задачите (сертификат, диплома, специјализација).

## Предлог мерки

Компаративната анализа на состојбите во оваа област во повеќе развиени земји (САД, Канада, Италија, Белика Британија, Австралија, Германија, Норвешка, Финска, Холандија, Швајцарија), наметнува потреба за воспоставување на неколку базични принципи, како основа за создавање на обучени и компетентни стручни лица ангажирани во областа на безбедност и здравје на работа и тоа:

1. Дефинирање на признаени занимања во областа на безбедност и здравје на работа (стручно лице за безбедност на работа не е занимање, туку работна позиција/работно место на одредени лица во компанијата) и интегрирање на активностите од областа на безбедност на работа, индустриска хигиена и медицина на трудот,

2. Утврдување на тело за акредитација на образовни програми и дефинирање на акредитациони критериуми согласно Законот за високо образование и Законот за образование на возрасни,

3. Утврдување на Национална сертификациона шема најнапред за здобивање со соодветно занимање, а понатаму и за континуирано одржување на компетенциите во областа на безбедност и здравје на работа, согласно стандардот ISO 17024:2012 (дефинирање на барањата на работата и соодветните компетенции за нејзино извршување),

4. Развој на професионални компетенции за идентификација на различни штетности и нивно мерење, за проценка на експозиција, за заштита од пожари и експлозии, за одржување на обуки, за проценка на ризик, а во согласност со претходно дефинираната сертификацина шема;

5. Утврдување на носител на сертификациониот процес согласно стандардот ISO 17024:2012 (организација одговорна за воспоставување и одржување на сертификационата шема); вклучувајќи ги и испитите);

6. Дефинирање на сертификациониот процес за постигнување на сертификационите барања, согласно стандардот ISO 17024:2012 (проверка дека сертифицираните лица ги исполнуваат условите дефинирани со сертификационата шема),

7. Утврдување на Национално сертификационо тело за сертификација на стручните лица согласно нивните утврдени занимања во областа на безбедност и здравје на работа, вклучувајќи ги и испитите.

## Начин на имплементација

Основ за имплементација на овој нов пристап за стекнување со занимање во областа на безбедност и здравје на работа е Законот за образование на возрасни (Сл. Весник на РМ бр. 16/2009 – консолидиран текст), со кој се уредуваат организирањето, структурата, финансирањето и управувањето на системот за образование на возрасни, како дел на единствениот образовен систем на Република Македонија.

Согласно со чл. 17 на Законот за образование на возрасни, возрасните може да се усовршуваат, специјализираат и да ги дополнуваат своите знаења, вештини и компетенции согласно со посебни програми за стекнување на знаења и вештини кои се организираат во акредитирани образовни установи и институции. Оттука, согласно овој закон и стандардот ISO 17024:2012, потребно е да се

дефинира сертификационата шема со можност за стекнување на образование, што е суштински поврзано со обврските на работодавачите во областа на безбедност и здравје на работа.

Согласно Законот за безбедност и здравје на работа, за обавување на стручните работи за безбедност и здравје на работа (БЗР), може да бидат назначени едно или повеќе стручни лица за БЗР од страна на работодавачот или тој може работата да ја довери на овластени правни субјекти за безбедност на работа. Но, во нашето актуелно законодавство, нема прецизни одредби што би направиле јасно разграничување за тоа што секој од нив поединечно може да работи и под кои услови треба да ги реализира професионалните активности. Останува слободна проценка до каде е советодавната улога на назначеното стручно лице за безбедност на работа, а од каде почнуваат професионалните активности на овластените правни субјекти за безбедност на работа. При тоа, независно од видот на работата што ќе ја работат овластените правни субјекти за безбедност на работа (мерења на физички или хемиски штетности, проценка на ризик, контрола на работата на машините и алатите, тренинг на вработените и сл.), вработените во нив не се обврзани да имаат специфично формално образование и доказ за компетенција за работата што ќе ја вршат, туку овластувањето за работа се добиваат врз основа на високо образование од техничка насока и положен испит за безбедност на работа во Министерството за труд и социјална политика (БЗР). Единствена специфична обврска е дека овластениот правен субјект  треба да исполни услови во однос на простор, опрема и кадар за добивање на лиценца за работа во одредена област.

Во интерес на обезбедување на највисок можен степен на професионализам во работењето во областа на БЗР во Република Македонија, а со цел за унапредување на условите за работа, превенција на повредите на работа и професионалните болести, час поскоро треба прецизно да се регулираат условите за стекнување на минимум знаења и вештини со кои треба да располагаат различните субјекти што се ангажираат на различни аспекти на безбедноста и здравјето на работа во компаниите. .

Во согласно големината на компанијата и видот на дејноста што таа ја обавува, а базирано на досегашното искуство, би требало да се дефинира дека стручните работи за БЗР во една компанија може да ги спроведува во пракса:

- самиот работодавач и/или стручно лице за БЗР овластено од работодавачот
- стручњаци/професионалци од областа на БЗР.

Стручњаците/професионалците своето образование  може да го здобијат во формален, регуларен образовен процес во образовните институции во Република Македонија или во странство, согласно прописите на Министерството за образование. Со оглед  дека образованието за стручњаци со регулирани и признаени професии од областа на БЗР во Република Македонија е во застој повеќе од две децении, а новите генерации за првите дипломци/магистри за БЗР во земјава е во својот зачеток, како еден од првите приоритети треба да се дефинира процесот за признавање на квалификации. Како и во многу земји од Европската унија и од Северна Америка тоа треба да се регулира преку соодветно, дополнително образование на возрасни, во специфични области потребни за унапредување на безбедноста и здравјето на работниците.

Условите што треба да бидат исполнети во однос на претходното стручно образование и работно искуство треба се дефинира во процесот на акредитација на образовната програма, а нивното исполнување да се проверува и потврдува низ процесот на сертификација/лиценцирање.

Основните услови треба да ги следат постигнатиот консензус на ниво на земјите од Европската унија промовиран од страна на на Европската мрежа на професионални организации за безбедност и здравје треба да бидат:

- најмалку тригодишно додипломско образование ( bachelor’s degree) од технички смер за звање Управител за БЗР и најмалку четиригодишно средно образование за звање Техничар за БЗР
- општ курс за безбедност и здравје на работа составен од задолжителна теоретска и практична настава со тест за проверка на знаењето во траење од најмалку 250 часа кој би ги покрил основните полиња специфицирани со соодветен образовен стандард ( проценка на ризик, дизајн на работно место и процес за работа, мерки за превенција, управување со безбедноста на работа, комуникации и обука, организација на работа и сл. ).
- 2-5 години професионално искуство на работни задачи во областа на БЗР
- Континуирано професионално образование и развој
- Придржување кон етичките професионални принципи утврдени во професионалниот кодекс за БЗР

Стручните лица за БЗР назначени од страна на работодавачот треба да имаат компетенции стекнати низ акредитиран образовен процес, составен од задолжителна теоретска и практична настава, што за жал до сега не беше случај кај нас.

За сите тие што веќе имаат или во наредниот период ќе се стекнат со соодветно професионално звање во процес на дипломско и/или постдипломско образование за признени/регуларни занимања во областа на БЗР според Националната класификација на занимања стекнати на акредитирани високо-образовни инситуции, нема да има потреба да се даваат овластувања за работа во областа на БЗР од страна на Министертсвото за труд и социјална политика (МТСП).

За сите кои до тоа звање ќе дојдат по пат на дополнително образование за возрасни, како и за стручните лица за БЗР што ги назначува работодавачот, задолжително ќе биде полагањето на испит за добивање на овластување за работа во дејноста. Овој испит ќе биде дел од процесот за здобивање на сертификат за работа во дејноста БЗР или за ооделни сегменти од значење за безбедноста и здравјето на работа).

Поаѓајќи од структурата на стопанството во Република Македонија, а имајќи ги во предвид различните можности за тоа кој ќе ги спроведува стручните работи во областа на БЗР, треба на соодветен начин да се дефинираат знаењата и вештините со кои тие треба да располагаат и начинот за нивно стекнување.

Компетенциите, знаењата и вештините со кои треба да располагаат работодавачите, овластените стручни лица за безбедност на работа и стручњаците/професионалците во областа на БЗР треба да се разграничат во неколку категории:

1. Компетенции на на работодавачот (доколку сам ги обавува задачите од областа на БЗР), на стручното лице за БЗР назначено од работодавачот и тоа независно од големината на претпријатието и на стручно лице за БЗР назначено од работодавачот во микро претпријатија до 9 вработени каде 80% од работните места се работни места без зголемен ризик
2. Компетенции за стручњаци/професионалци во БЗР во микро претпријатија до 9 вработени каде повеќе од 20% од работните места се работни места со зголемен ризик (сертифициран БЗР техничар)
3. Компетенции на стручњаци/професионалци во БЗР во мали претпријатија до 10-49 вработени каде 80% од работните места се работни места без зголемен ризик (сертифициран БЗР управител – категорија А)
4. Компетенции на стручњаци/професионалци во БЗР во мали претпријатија до 10-49 вработени каде повеќе од 20% од работните места се работни места со зголемен ризик (сертифициран БЗР управител – категорија Б)

Образованието на стручните лица за БЗР назначени од работодавачот и на стручњаците/професионалците за БЗР треба се изведува по модуларен принцип, составено од задолжителни, генерички (општи) модули и и специфични (задолжителни и изборни) модули. Нивниот број и структура се дефинира во зависност од видот на работните задачи што стручњаците за БЗР ќе ги извршуваат и од стопанската дејност во која тие се вработени и/или се ангажирани како стручњаци/професионалци за БЗР. При тоа, сите назначени стручни лица за БЗР, како и професионалните стручни лица за БЗР мора да имаат сет на заеднички (генерички) знаења и вештини, додека професионалните стручни лица (сертифициран БЗР техничар, сертифициран БЗР менаџер од категорија А и Б) мораат да имаат и специфични компетенции, согласно дејноста во која се вработени/ангажирани.

Условите во однос на видот и бројот на стручни лица што треба да бидат ангажирани во средните и големите претпријатија се дефинираат со посебен акт.

По стекнувањето и/или признавањето на статус на стручњак за БЗР, како и по стекнатото образование за стаус на овластено лице за БЗРзадолжително е да се продолжи и континуирано да се потврдува процесот на континуирама професионала едукација и континуран професионален развој.

Истовремено, за потребите за признавањена квалификации за стручњаци, професионалци во БЗР треба да се акредитираат најмалку 4 нивоа на образование.

- Сертифицирано стручно лице за безбедност и здравје на работа
- Сертифициран БЗР техничар
- Сертифициран БЗР управител – категорија 1 (диплома за безбедност и здравје на работа)
- Сертифициран БЗР управител – категорија 2 (специјализација за безбедност и здравје на работа).

Во понатамошниот период можно е воспоставување на нови занимања, како што се: регистрирани ергономи, регистрирани индустриски хигиеничари, регистрирани индустриски токсиколози, регистрирани инжинери за организација на работа и сл.

Утврдувањето на посебните програми за образование и обука, нивната верификација, верификацијата на установите и институциите, организацијата на испитите и издавањето на сертификатите ќе биде усогласено со овој закон и со стандардот ISO 17024:2012.

Но, паралелно со отпочнување на овој нов концепт за стекнување на компетенции и обука во областа на БЗР, мора да се дизајнира процесот на реобновуваење на дадените овластувања од страна на Министерството за труд и социјална политика, за сите оние стручни лица кои немаат завршено додипломско/постдипломско образование за регулирани занимања во областа на БЗР. Периодот за завршување на овој процес не треба да биде подолг од 3 години, а исто така би бил претходно акредитиран, по што би следел процес на соодветно сертифицирање и регистрација. Предлог-програмата за (ре)обука за стекнување на звање на сертифицирано лице за безбедност и здравје на работа продолжување на работа во областа на безбедност и здравје на работа е прикажан во Анекс бр.1.

**Компетенции**

Компетенциите претставуваат способност на поединецот да ја изведува правилно својата професионална работа. Тоа е сет на дефинирани професионални практични и теоретски знаења, когнитивни вештини, однесување и вредности што се користат за подобрување на перформансите за работа. Тоа подразбира дека лицата треба да бидат соодветно и добро квалификувани и да имаат способност да изведуваат специфични работни задачи. Компетенциите за работа се идентификуваат со анализа на работните задачи и цели.

Во Република Македонија се уште нема развиено сет на компетенции за општите и/или специфични компетенции за соодветно и квалификувано обавување на работата во областа на БЗР. Поради тоа е неопходно да бидат прифатени мешународно прифатени општи и специфични комптенции за обавување на различни видови на работни задачи во областа на БЗР. Со цел за потврдување на нивната оправданост и одржливост во национални рамки треба да се спроведе соодветно истражување базирано на структиран прашалник за идентификација на работните задачи кои се изведуваат и/или за кои постои оправдана потреба да се изведуваат во областа на БЗР во нашата земја. Врз основа на вака дефиниран сет на компетенции би можело понатаму да се пристапи кон изработка на соодветен стандард за образование и/или обука во областа.

**Акредитација**

Акредитација претставува збир на постапки со кои официјално се признава дека некој или нешто има соодветен статус и квалификација за да изведува одредена активност. Процесот на акредитација може да се однесува на акредитација на поединци или акредитација на процеси и постапки. Акредитацијата е саморегулирачки процес кој го спроведуваат соодветно тренирани оценувачи, а се базира на ригорозни стандарди (мешународно признаени и/или соодветно утврдени).

Во областа на БЗР во Република Македонија акредитацијата треба да се воспостави во најмалку 4 различни сегменти:

- Акредитација на предавачи и испитувачи
- Акредитација на образовни програми и програми за обука
- Акредитација на образовни институции/тела
- Акредитација на сертификациони тела

Со акредитација на предавачи, испитувачи и образовни програми се обезбедува квалитет и сигурност дека тие ги исполнуваат и ги постигнуваат соодветните стандарди. Акредитацијата се врши од соодветни институции и тела. Во најголем број земји во светот овие институции/тела се директно или индиректно воспоставени од владата и соодветните министерства.
високи и соодветни стандарди за работа.

Република Македонија е мала земја со ограничени ресурси и потенцијали, особено во областа на безбедност и здравје на работа. Затоа е потребно за сите сегменти на образование и обука во областа на безбедност и здравје да се формира еден Одбор за акредитација. Одборот за акредитација треба да го формира Министерството за образование. Тој би имал одговорност за акредитација на предавали. Испитувачи, наставни програми за стекнување на регулирани занимања, за програми за образование и за обука (поединечни модули и/или курсеви).

Акредитацијата на телото за сертификација би требало според соодветниот стандард да се спроведе во рамките на Институтот за акредитација на Република Македонија.

**Сертификација и лиценцирање на стручни лица/професионалци во БЗР**

Сертификација претставува процес на конфирмирање на некои карактеристики на предмети, лица или организации. Оваа конфирмација (потврдување) на исполнувањето на условите го обезбедуваат екстерни, претходно акредитирани тела за сертификација, а може да се состои од преглед на документација, проценка, контрола на исполнувањето, обука и испит. Во образовни цели, сертификацијата претставува потврда дека лицето има доволно познавања, образование и информации (knowledgeable) во професионалниот сегмент за да може „компетентно да ги извршува работните задачи во практиката“ за областа за која го бара сертификат. Доказ за завршен процес на сертификација е документот наречен **сертификат**.

Во контекст на обезбедување на БЗР во Република Македонија, овој дел се однесува на потребата за професионална сертификација на назначени стручни лица и на професионалци во БЗР. За таа цел треба да биде дефинирана Националната сертификациона шема за различни видови на професионалци ангажирани во БЗР во нашата земја и да се дефинираат патеките преку кои во одреден временски период треба да се исполнат условите и да се пристапи кон сертификација. Сертификациониот процес треба да биде составен од утврдување на образованието, обуката, искуството и успехот постигнат во текот на испитот. Со сертификацијата не се потврдува квалитетот и постигнувањата во текот на образовниот процес, ниту пак се заменува законското потврдување на дозволата за работа во одредена област. Утврдувањето на исполнувањето на законските услови со кои се овозможува обавување на одредена дејност е процес наречен **лиценцирање**, а законскиот документ е **лиценца за работа**. Испитот во текот на сертификацијата само потврдува професионална подготвеност за справување со предизвиците и барањата на работното место во областа за која се бара сертификација.

Сертификацијата во БЗР во Република Македонија треба да ја врши акредитирано професионално тело за сертификација согласно процедурите на ИАРМ, според ISO/IEC стандардот 17024.2012 за проценка на сообразноста. Примената на овој стандард треба да им помогне на компаниите дека сертифицираните лица во текот на својата работа пред се ќе го заштитуваат нивниот интегритет во остварување на зацртаните цели, а во овој случај тоас е безбедноста на работа и здравјето на професионално експонираните работници. Сертификацијата во областа на БЗР треба периодично да се повторува во одредени временски интервали, а патеките за исполнување на услови за ресертификација се исто така соодветно дефинирани.

**Анекс бр.1**

Програмата за (ре)обука за стекнување на звање и продолжување на работа во областа на безбедност и здравје на работа мора да ги содржи најмалку следните одржини:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Проценка на ризик на работно место и проценка на изложеноста | 6 кредита |
| 2. | Идентификација и мерење на штетностите во работна средина | 3 кредити |
| 3. | Физички штетности и влијание врз здравје | 6 кредити |
| | - Бучава и влијание врз здравје | 2 кредита |
| | - Вибрации и влијание врз здравје | 2 кредита |
| | - Микроклима – термални услови за работа и здравје | 2 кредита |
| 4. | Хемиски штетности и влијание врз здравје | 3 кредити |
| 5. | Биолошки штетности и влијание врз здравје | 3 кредити |
| 6. | Безбедност и здравје на работа во различни дејности:<br>• Градежништво, рударство, текстилна индустрија, здравство, термоенергетика, црна и обоена металургија | 4 кредита |
| 7. | Ергономија и организација на работа | 2 кредита |
| 8. | Лични заштитни сретства | 2 кредита |
| 9. | Андрогогија | 1 кредита |
| 10. | Етички стандарди во БЗР | 1 кредит |

Во тек на три години од денот на донесување на подзаконскиот акт, секое стручно лице што работи во областа здравје на работа треба да ги освои овие 10 кредити. Секој кредит се добива врз основа на учество во:

- 10 часа теоретска настава
- 5 часа практична настава
- проверка на знаење

По здобивањето на звањето, отпочнува процесот за одржување на компетенциите, преку учество во континуирана професионална едукација и континуиран професионален развој, според сертификационата шема согласно стандардот ISO 17024:2012.

Наставата ќе ја реализираат акредитирани предавачи, професори на акредитираните универзитети во Република Македонија од соодветната област и асистенти од практика со најмалку 15 години работно искуство во областа.